РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-2657/1
30.07 2012 год.
СКОПЈЕ

Бр.07-2/1382

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Сејфедин Харуни од Гостивар, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност (Службен весник на Република Македонија бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 30.07.2012 година донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Сејфедин Харуни, ЕМБГ 2601944473018, роден на 26.01.1944 година во с.Градец Гостивар, кандидат за носител на јавна функција - пратеник во Собранието на Република Македонија.

## ***Образложение***

За Сејфедин Харуни, кандидат за носител на јавна функција - пратеник во Собранието на Република Македонија , Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Сејфедин Харуни во Државниот Архив на Република Македонија не постои лично досие но дека податоци за него се евидирани во лично досие на друго лице бр. [redacted] со псевдоним "Златар", негов соселанец од с.Градец Гостивар.

Лицето со псевдоним "Златар" е обработуван заради усна непријателска пропаганда, албански иредентизам, поседување на слика на Енвер Хоџа, албанско знаме, посета на НР Албанија, коминикации со лица учесници во Мас движењето во Хрватска, вршење влијание на селаните да не се дозволи зафаќање на изворската вода од нивното село Градец. Информации за него доставувало и лицето Сејфедин Харуни, кој евидира како "извор" и " оперативна врска", што се утврдува од следните документи: Службена белешка

ев.бр 104 од 16.04.1976 година составена од 4 страни; Службена белешка ев.бр 130 од 27.04.1976 година составена од 2 страни; Службена белешка ев.бр 143 од 08.05.1976 година составена од 2 страни и Службена белешка ев.бр 129 од 27.04.1976 година составена од 2 страни.

Сите овие докази, содржани во досието на лицето со псевдоним "Златар" каде што како извор се наведува лицето Сејфедин Харуни Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, соглано член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Сејфедин Харуни да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Сејфедин Харуни.